


**<u>Презентација на сервисот Market Intelligence - ONLINE МЕРЕЊЕ НА Интернет Аудиториум</u>**

Во Стопанската комора на Македонија се одржа презентација на сервисот Market Intelligence, по повод воведување на системот за Online мерење во Република Македонија. Овој систем подразбира мерење на Интернет аудиториумот, односно мерење на домашните веб сајтови. Со овој сервис се очекува да се придонесе во развојот на Интернетот во Република Македонија, како медиум со најголема стапка на раст во последните години.



Овој систем за мерење на интернет аудиториум во Македонија го воведува Nielsen Macedonia. Компанијата е составен дел од единствената групација The Nielsen Company и претставува еден член во семејството кое брои повеќе сестрински компании кои делуваат во повеќе од 30 земји распространети на 5 континенти.На настанот беа присутни над педесетина млади претприемачи од овој брзорастечки сектор во Република Македонија.